04-127/5

16. 01 2024

Врз основа на член 15 од Законот за технолошки индустриски развојни зони ("Службен весник на Република Македонија" бр. 14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16, 83/18 и 83/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.13/23), член 5 став 13 Правилникот за вработување, унапредување и распоредување на помошно – технички лица во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.01-1628/1 од 06.12.2023 година, Директорот на Дирекција за технолошки индустриски развојни зони донесе:

**ОДЛУКА**

**за избор на кандидат по Интерен оглас број 01/2023 за унапредување на 10 (десет) помошно-технички лица во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони**

1. Кандидатот Игор Трајковски врз основа на спроведен Интерен оглас број 01/2023 за унапредување на 10 (десет) помошно-технички лица во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, се избира за работно место ТИР0405Б04002 Самостоен администратор за односи со корисници во Одделение за односи со корисници во Сектор за управување, стопанисување и одржување на зони и односи со корисници (Локација на работно место ТИРЗ Штип).
2. Изборот е извршен врз основа на финална ранг листа и предлог за избор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас број 01/2023, кои се дел од Записникот за спроведено интервју од работата на Комисијата за селекција на кандидати за унапредување на 10 помошно – технички лица во Дирекција за технолошки индустриски развојни зони бр.04-127/2 од 15.01.2024 година.
3. Со избраниот кандидат ќе биде склучен договор за вработување на работното место од точка 1 по конечноста на оваа одлука.
4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

Врз основа на добиеното Известувањето за обезбедени финансиски средства од Министерство за финансии бр.18-13922/2 и 18-13921/2 од 21.12.2023 година, Директорот на Дирекцијата поднесе барање до Одделението за управување со човечки ресурси бр.04-1697/1 од 27.12.2023 година, за започнување на постапка за унапредување на 10 помошно - технички лица во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

По добиеното барање, Одделението за управување со човечки ресурси на ден 27.12.2023 година, на веб страната на Дирекцијата објави интерен оглас број 01/2023 за унапредување на 10 помошно - технички лица во Дирекција за тенолошки индустриски развојни зони.

Под реден број 6 на интерниот оглас е работното место ТИР0405Б04002 Самостоен администратор за односи со корисници во Одделение за односи со корисници во Сектор за управување, стопанисување и одржување на зони и односи со корисници (Локација на работно место ТИРЗ Штип).

Согласно член 5 од Правилникот за вработување, унапредување и распоредување на помошно – технички лица во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.01-1628/1 од 06.12.2023 година, Комисијата за селекција за унапредување формирана од страна на Директорот на

Дирекцијата со Решение бр.04-1697/9 од 28.12.2023 година, направи административна селекција на пријавените кандидати, односно проверка на исполнетоста на условите за унапредување за што состави Записник за административна селекција бр.04-127/1 од 10.01.2024 година. Потоа Комисијата спроведе интервју со кандидатите кои ја поминале административната селекција за што состави Записник за спроведено интервју бр.04-127/2 од 15.01.2024 година во кој е содржана ранг листа со предлози за избор до Директорот.

Врз основа горенаведеното, Директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони донесе Одлука за избор како во диспозитивот.

По конечноста на оваа одлука, со избраниот кандидат ќе се склучи договор за вработување на работното место од точка 1 на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на приговор до Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони во рок од 8 дена сметано од денот на приемот на одлуката.

Директор
Јован Деспотовски

Доставено до:
-Именуваниот
-Одделение за управување со човечки ресурси
-Архива

Изработил: Благородна Трајковска
Одобрил: Ирена К. Стојанова